# О Д Л У К А
# за избор на друштво за ревизија
# на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
# за 2020 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на седницата одржана на ден __.__.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

1. Се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на Финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година.
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31.12.2020 по нето цена од 26.000 еур.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

Согласно со Законот за банките на Република Македонија член 89 став 3 точка 20 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот за избор на друштво за ревизија која ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2020 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 13 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието за конечно усвојување.

Договорот со сегашното друштво за ревизија ќе заврши со ревизијата која ќе се спроведе заклучно со 31 Декември 2020.

Врз основа на пристигнатите понуди од “big four” ревизорските друштва, како и координација со Групацијата, се предлага ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да биде избрана како надворешна Ревизорска куќа за 2020 година, имајќи го предвид фактот дека ПрајсвотерхаусКуперс се избрани за групациски ревизор и препораката за ангажирање на локалната ревизорска куќа и во Шпаркасе Банка Македонија.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2020 година да биде избран ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Договорот вклучува изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.